


## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ГЕНЕРАЛНА СТРАТЕГИЈА 2021-2025

## ОБЕДИНЕТИ ОД ФУДБАЛОТ

„И покрај тешкиот период надвор од терените, со притисок од пандемијата кој предизвика досега не видени нивоа на изолација на глобално ниво, нашето фудбалско семејство никогаш не било по поврзано. Нивото на гордост кое можеше да се препознае низ земјата за време на нашето прво Европско Првенство беше неверојатно и јасно е дека желбата да се надоградат овие неодамнешни успеси е заедничка за целата нација.
Гледајќи кон иднината, а со цел да се надогради овој успех, мора да запаметиме дека репрезентациите кои ни ја донесоа оваа гордост го претставуваат врвот на нашата работа и се резултат на години на посветеност – од играње на улица во нашите населби, па сѐдо нивно претставување на глобалната сцена. Имајќи го ова во предвид, нашиот иден успех е пропорционален со нашите заложби не само за создавање можности за вклученост во фудбалската игра денес, туку и со размерот со кој ги развиваме основите на нашата игра за уште подобро утре. Овој пристап на рамнотежа веќе покажа дека е успешен со достигнувањата на нашите младински репрезентации, и е нешто кое ќе го развиваме преку „Обединети од фудбалот фудбалот 2021-2025".

Она што е јасно во последно време е дека фудбалот е повеќе од само игра. Тој претставува ослободување на енергија, место за чување на сеќавањата на многу генерации, како и двигател на социјални и економски влијанија. Како организација која му служи на фудбалот во Македонија, наша одговорност е да продолжиме да го позиционираме фудбалот како клучен фактор кој придонесува кон македонското општество и да ги истакнеме придобивките кои произлегуваат од фудбалот и кои ги надминуваат границите на фудбалските игралишта на неделно, месечно и годишно ниво.
Одбирајќи го овој пристап ќе изградиме посветла иднина, ќе внесеме гордост и ќе ја обединиме нацијата преку фудбалот. Имајќи во предвид дека луѓето се вклучуваат во нашиот спорт на различи нивоа, сигурен сум дека ова единство ќе заземе многу различи форми и величини низ нашето фудбалско семејство, но токму ова единство и заедничката мотивација се она што ќе ни помогне да го испорачаме сето она кон што тежнееме да го достигнеме.
Следните 5 години се надевам дека успесите на и надвор од терените ќе ја зголемат поддршката за репрезентациите и ќе инспирираат уште повеќе млади генерации да се вклучат во спортот. Славејќи го она што го имаме постигнато до сега и користејќи ја оваа вклученост да ги изградиме стратегиските планови, сигурен сум дека нашите неодамнешни успеси на теренот ќе претставуваат искра која ќе разгори возбудлива иднина за фудбалот во Македонија.

Јас како Претседател на Фудбалска Федерација на Македонија би сакал да ви се заблагодарам на сите вас кои бевте вклучени во исцртувањето на мапата кон иднината во ликот на „Обединети од фудбалот 2021-2025", и со нетрпение очекувам да соработуваме, додека создаваме нови записи и нови моменти за паметење како дел од оваа стратегија."

***Муамед Сејдини***
Претседател



# СОДРЖИНА


2. ПРЕДГОВОР
4. НАШАТА ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ
6. ВОВЕД
8. ТЕКОВЕН КОНТЕКСТ
12. НАША СТРАТЕШКА РАМКА
14. ИМИЏ И ВКЛУЧЕНОСТ – Подигнување на профилот
20. ПАРТИЦИПАЦИЈА – Градење на нашата игра
26. НАТПРЕВАРУВАЊА – Негување на талентот
32. ЕЛИТЕН ФУДБАЛ – Резултати на светската сцена
38. ПРИХОДИ – Зачувување на фудбалот во иднина
44. ИНФРАСТРУКТУРА – Развивање средина за успех
50. ДОБРО РАКОВОДЕЊЕ – Да бидеме најдобри што можеме
58. НАШИТЕ ПАРТНЕРИ

# НАШАТА ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ



## ВИЗИЈА
Да изградиме посветла иднина, да внесеме гордост и да се обединиме преку фудбалот!

## МИСИЈА
Воспоставување пристап што нуди еднакви можности за сите да се вклучат, да уживаат и да се натпреваруваат во македонскиот спорт број еден – фудбалот.

## ВРЕДНОСТИ
Интегритет, еднаквост, професионални, соработка, гордост



# ВОВЕД



Развојот и почетоците на оваа стратегија претставуваат возбудлив и амбициозен чекор во развојот на фудбалот во Македонија. Благодарение на неверојатниот успех на нашата репрезентација како катализатор за промени, нашата работа во иднина ја структурираме преку 7 стратешки цели. Секоја од овие цели игра клучна улога во идниот развој на играта и со нивна имплементација имаме намера да создадеме силна и одржлива фудбалска траса. За возврат, сите сегашни и идни играчи ќе имаат можност да уживаат во играта и да го реализираат својот потенцијал. Исто така, ќе ги поддржиме напорите на сите оние кои ќе изберат да тренираат фудбалери, да бидат службени лица или да волонтираат. Од гледна точка на навивачите, ќе обезбедиме многу повеќе можности за ангажирање и понезаборавни натпревари.

Со цел да го подобриме нашиот иден потенцијал, оваа стратегија ќе ни помогне да ги надградиме постоечките партнерства и да создадеме нови релации преку кои не само што ќе го подигнеме профилот на македонскиот фудбал ширум светот, туку и ќе направиме многу потребни инвестиции, со што ќе ги зајакнеме одличните постигнувања во моментов и ќе внесеме иновации во областите со висок потенцијал за подобрување.

Во текот на следните пет години, имаме за цел да воведеме филозофија на модернизација и постојано подобрување. Ова ќе го искористиме за да се увериме дека ФФМ има управување од светска класа и дека може да ѐсе верува, но и да се почитува работата што ја вршиме во име на македонското фудбалско семејство. Овој пристап ќе стимулира и период на дигитална трансформација, правејќи нѐ поефективни и поефикасни.

Досегашните податоци и увидот одиграа огромна улога во развојот на оваа стратегија, помагајќи ни да поставиме мерливи цели засновани на здрави расудувања. Во текот на овој стратешки период, ваквите податоци и увиди ќе ги искористиме за да ги обликуваме нашите инвестиции и да останеме агилни во идниот пристап. Овој процес, исто така, ќе ни помогне јасно да го покажеме нашето социјално и економско влијание на годишно ниво.

На почетокот на овој процес на стратешко планирање, ФФМ одлучи нејзиното планирање да биде транспарентно и инклузивно. За да го постигнеме ова, во развојот на оваа возбудлива агенда вклучивме голем број засегнати страни и партнери. Имајќи го ова на ум, би сакале да им се заблагодариме на сите наши партнери за нивниот неверојатен придонес и клучните перспективи што ни ги дадоа. Без ваквиот придонес, нашата стратегија би била значително помалку влијателна. Со нетрпение очекуваме да го споделиме колективниот успех до кој очекуваме да нѐ одведе оваа стратегија.

Оваа стратегија претставува возбудлив нов правец за фудбалот во нашата земја, и секако, имплементацијата нема да биде без предизвици. За да ги реализираме амбициите зацртани со оваа стратегија, одлучни сме да останеме посветени надвор од теренот како што нашите играчи се посветени на него.

#ТимотПозадиТимот

***Филип Поповски***
Генерален секретар



# ТЕКОВЕН КОНТЕКСТ



Преку огромните заложби од нашата претходна стратегија, се наоѓаме во добра позиција и почнуваме од релативно цврста основа во сите стратегиски области. Прикажувајќи го ова сиже за тоа каде се наоѓаме денес, добиваме не само почетна точка за споредба, но и одговорност за резултатите кога ќе дојде време да се измери влијанието на овие бројки во следниот стратегиски период.

## ИМИЏ И ВКЛУЧЕНОСТ




**Позитивен целокупен имиџ на ФФМ во однос на останати Европски федерации**




**Перцепција за ФФМ**



**38% од луѓето знаат што работи ФФМ - 28% од останатите Европски федерации**



Facebook - 65%
YouTube - 14%
Website - 9%
Instagram - 11%

**Пресек на вклученост низ медиумските канали на ФФМ**

119,500 допаѓања
786,795 прегледи
5,134 следачи
62,000 следачи

# ПАРТИЦИПАЦИЈА




Аматери фудбалери под 18 г.




Регистрирани фудбалери




Футсал аматери

**127 grassroots клубови за машки и женски**

**30 општини и 110 Основни Училишта во програми за Фудбал за Училишта**

| Ниво | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| UEFA Pro | 82 | 0 |
| UEFA A | 337 | 7 |
| UEFA B | 454 | 36 |
| C Licence | 168 | 12 |
| **Вкупно** | **992** | **55** |

Број на тренери

| Категорија | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| Републичка | 18 | 1 |
| Прва | 35 | 3 |
| Втора | 38 | 2 |
| Постојана | 29 | 2 |
| Привремена | 26 | 2 |
| Друго | 755 | 59 |
| **Вкупно** | **901** | **69** |

Број на судии

# ЕЛИТЕН ФУДБАЛ И НАТПРЕВАРУВАЊА




Професионални фудбалери




Професионални клубови




Репрезентации
(сите возрасни категории)

М: 1
Млади: 6
Ж: 1
Футсал: 1

Куп натпреварувања
За мажи од. 1993
14 различни победници

М: 1
Ж: 0

Професионални лиги
Од 1992/93
8 различи освојувачи

Моментално рангирање:
М: 67 / Ж: 131
Футсал: 46

2020 квалификација за ЕУРО
2017 квалификација за U21
ЕУРО

## ПРИХОДИ

2020 | +150% 2021

Пораст на спонзорства, пораст на
приходи од ТВ права

## ИНФРАСТРУКТУРА



1x стадион категорија 2
1x стадион категорија 3
1x стадион категорија 4
4x ФФМ терени

# СТРАТЕШКА РАМКА



При создавањето на нашата стратегија, играчите, тренерите, официјалните лица, волонтерите, навивачите и партнерите ги поставивме во срцето на самото планирање. Преку овој пристап, ќе изградиме и овозможиме пристапна, инклузивна и одржлива фудбалска иднина за сите, без оглед на позадината. Како чувари на македонскиот фудбал, ќе го преземеме секој можен чекор за да ги постигнеме и испорачаме сите аспекти од нашата работа на највисоко можно ниво. Со овој пристап, постојано ќе се стремиме кон подобрување и раст. Со постигнувањето на нашите 7 стратешки столбови, ќе изградиме беспрекорна патека на можности за сите сегашни и идни играчи, но и луѓе кои го поддржуваат фудбалот во Македонија. Ќе се стремиме да го зголемиме и задоволството на навивачите со тоа што ќе се погрижиме натпреварите да бидат незаборавни, а нашите репрезентации да влеваат чувство на амбиција и гордост.

### ИМИЏ И ВКЛУЧЕНОСТ – ПОДИГНУВАЊЕ НА ПРОФИЛОТ

Фудбалот ќе го направиме најпопуларен, најуспешен и најигран спорт во Македонија, со стимулирање на националната гордост и страст ширум земјата.

### ПАРТИЦИПАЦИЈА – ГРАДЕЊЕ НА НАШАТА ИГРА

Ќе развиеме беспрекорна патека на можности, обезбедувајќи секое дете во Македонија што сака да игра да може да ужива и да стане дел од фудбалот доживотно.

### НАТПРЕВАРУВАЊА – НЕГУВАЊЕ НА ТАЛЕНТОТ

Натпреварувањата ќе станат катализатор за развој, обезбедувајќи предизвикувачки и развојни можности за играчите. Ќе обезбедиме и привлечни и инспиративни можности за сите наши.

### ЕЛИТЕН ФУДБАЛ – РЕЗУЛТАТИ НА СВЕТСКАТА СЦЕНА

Ќе го зајакнеме и дополнително ќе го вградиме нашиот пристап за развој на елитни таленти на национално ниво со цел да обезбедиме одржлив меѓународен успех што ја инспирира нацијата и ја прави горда.

### ПРИХОДИ – ЗАЧУВУВАЊЕ НА ФУДБАЛОТ ВО ИДНИНА

Ќе ја направиме ФФМ привлечна можност за инвестирање и во глобалното фудбалско семејство и во националниот комерцијален пејзаж.

### ИНФРАСТРУКТУРА – РАЗВИВАЊЕ СРЕДИНА ЗА УСПЕХ

Ќе го олесниме развојот и одржувањето на фудбалската инфраструктура што ќе им служи на сите наши сегашни и идни играчи.

### ДОБРО РАКОВОДЕЊЕ – ДА БИДЕМЕ НАЈДОБРИ ШТО МОЖЕМЕ

Постојано ќе демонстрираме најдобри практики на управување и ќе ја користиме моќта на фудбалот за да испорачаме мерливо општествено влијание.



# ИМИЦ И ВКЛУЧЕНОСТ



Неверојатниот настап на нашата машка репрезентација, кој кулминираше со квалификации на УЕФА Европското првенство, ја направи нашата нација горда и помогна да се подигне на највисоко ниво досега и онака позитивната слика на нашата Фудбалска Федерација. Како директна последица од овој успех, побарувачката за сите форми на фудбалска вклученост расте со возбудливо и невидено темпо. Иако овој контекст е исклучително поволен, фудбалот и оние кои ја координираат неговата стратешка насока не смеат тука да застанат. Со цел да се надоврземе на овој исклучително позитивен имиџ и интересот за вклученост, нашата Федерација мора постојано да се труди да ги подобрува своите перформанси во сите области од играта.

Покрај славењето на тековниот успех на нашата репрезентација, мора да покажеме како ги препознаваме и поддржуваме идните таленти, во комбинација со јасна демонстрација на значителната моќ на фудбалот да влијае како алатка за општествено и економско добро. Преку нашата работа, мораме да обезбедиме фудбалот да биде релевантен, достапен и добредојден за сите Македонци.

Во суштина, мораме да ги живееме нашите организациски вредности за да покажеме интегритет и отвореност. Мора да генерираме и да го анализираме увидот во нашиот спорт и општество, уверувајќи се дека нашите одлуки се информирани и обезбедуваат најдобар можен поврат на инвестицијата. Дополнително, мораме да сме подготвени постојано да слушаме и учиме од европското фудбалско семејство и да бидеме агилни и флексибилни во моменталниот пристап кон развојот на играта.

## ЦЕЛ 1 - ФУДБАЛОТ ЌЕ ГО НАПРАВИМЕ НАЈПОПУЛАРЕН, НАЈУСПЕШЕН И НАЈИГРАН СПОРТ ВО МАКЕДОНИЈА, СО СТИМУЛИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА ГОРДОСТ И СТРАСТ ШИРУМ ЗЕМЈАТА

Ова ќе го постигнеме со реализација на следниве цели и активности:

**Цел**

- Ќе го направиме фудбалот најпристапен, најотворен и најбезбеден спорт во Македонија

**Активност**

- Ќе ја поедноставиме нашата дигитална регистрација, со што ќе овозможиме ангажирањето на сите фудбалери аматери да стане полесно
- Ќе ја подобриме регистрацијата на клубови и фудбалска инфраструктура во рамките на Фудбалската Федерација на Македонија
- Ќе ја зголемиме свеста за и довербата во нашиот пристап за развој на таленти, обезбедувајќи им на сите млади играчи пристап до потребните информации и можности за да го достигнат својот потенцијал
- Ќе ги направиме стадионите во нашата земја достапни и отворени за сите семејства, како за домашни, така и за меѓународни натпревари

**Влијание**

- Ќе воведеме и започнеме да употребуваме подобрена алатка за дигитална регистрација на играчи до првиот квартал од 2023 година
- Ќе воведеме и започнеме да употребуваме подобрен дигитален регистар на клубови и инфраструктура до К1 2023
- Ќе започнеме со јасна комуникациска стратегија во однос на нашите програми за развој на фудбал и таленти до К2 2022 година
- Ќе започнеме со програма за тековни подобрувања на стадиони од К2 2022 година

**Цел**

- Ќе го направиме нашиот национален тим централна точка на националната гордост – ќе создадеме страсна и достапна врска помеѓу нашите елитни играчи и луѓето кои ги поддржуваат

**Активност**

- Ќе развиеме стратегија за дигитална комуникација и социјални медиуми за да ја подобриме поврзаноста со нашиот национален тим, преку ексклузивни интервјуа, сесии за прашања и одговори и разни животни приказни
- Ќе организираме јавни настани за доближување на нашите репрезентативци до навивачите

**Влијание**

- Стратегија за дигитални и социјални медиуми до К2 2022 година
- Годишен календар на настани со ангажман на националниот тим со почеток од К1 2022

**Цел**

- Да ги подобриме дигиталните комуникации и содржини, кои одговараат на модерна организација со високи перформанси

**Активност**

- Ќе развиеме и спроведуваме годишни планови за дигитални комуникации и социјални медиуми со цел нашите информации да бидат актуелни и релевантни за нашето фудбалско семејство и засегнатите страни
- Ќе работиме со водечка поддршка во секторот за да го подобриме создавањето и промоцијата на дигитални содржини

**Влијание**

- Да воведеме планирање на дигиталните комуникации во сите наши активности од К1 2022 година
- Да го зголемиме дигиталниот ангажман на социјалните медиуми за 15% годишно
- Да ја задржиме поддршката за надворешна комуникација до К2 2022 година

**Цел**

- Да ги усовршиме каналите за комуникација на Фудбалската Федерација, овозможувајќи им на сите Македонци да пристапат до информациите што им се потребни за да ги задоволат нивните фудбалски интереси и амбиции

**Активност**

- Ќе ја подобриме нашата веб-страница, обезбедувајќи релевантни и ажурирани информации за да ги задоволиме различните потреби на нашето фудбалско семејство и засегнатите страни кои нѐ поддржуваат
- Ќе се погрижиме нашата веб-страница да ја има потребната функционалност со цел да биде достапна за сите општествени сектори
- Ќе воспоставиме подобрена архитектура на брендот на Фудбалската Федерација што ќе ни овозможи поефективно да комуницираме и да се разликуваме, но и да го зајакнеме профилот на секој елемент од нашиот спорт
- Ќе воспоставиме стратегии за внатрешна и надворешна комуникација за да се олесни постигнувањето на стратешките цели
- Ќе соработуваме со УЕФА за да ја покажете моќта на фудбалот како алатка за постигнување општествено добро преку јасни и силни комуникациски врски

**Влијание**

- Ќе воведеме подобрени веб-содржини и функционалност до К2 2022 година
- Ќе вршиме годишни анализи на веб страните од 2023 година
- Ќе го зголемиме сообраќајот на веб-страниците за 15% годишно во периодот од 2022 до 2025 година
- Ќе создадеме и лансираме нова архитектура на брендот до првиот квартал од 2022 година
- Ќе направиме план за комуникација за секој подбренд до К1 2022 година
- Ќе изготвиме и претставиме детален план за имплементација на стратегијата до К1 2022 година
- Ќе подготвиме извештај за влијанието на стратегијата и ќе го презентираме на нашето годишно Генерално собрание
- Ќе го објавиме резултатите од заедничкиот истражувачки проект на УЕФА и ФФМ за социјален поврат на инвестициите до К2 2022 година, користејќи го ова како репер за следен истражувачки проект

**Цел**

- Да се справиме со предизвиците и бариерите за вклучување на заинтересираните страни на конзистентен и транспарентен начин – обезбедувајќи секој да има еднаква можност да се вклучи

**Активност**

- Ќе ги искористиме уникатните можности отворени со Европското првенство за да испорачаме трајно наследство и силна вклученост
- Ќе ги дефинираме социјалните, културолошките и економските бариери за ангажирање и вклучување и ќе спроведеме стратегија за нивно надминување
- Ќе вршиме ефективно собирање, анализа и евалуација на податоци за да го структурираме нашето идно ниво ангажман и вклученост и деловно планирање

**Влијание**

- Ќе лансираме уникатни содржини поврзани со Европските првенства до К4 2021 година
- Ќе ја завршиме програмата за истражување до К3 2022 година
- Ќе воведеме нов процес на собирање и управување со податоци до К2 2022 година

**Цел**

- Да го подобриме нашето присуство во медиумите и радиодифузијата, со тоа што ќе се увериме дека сме релевантни и привлечни за комерцијалните партнери

**Активност**

- Ќе го прошириме нашето телевизиско и радиодифузно покривање на нашата структура на национални натпреварувања, вклучително Прва и Втора МФЛ, женска лига, футсал, младински и грасрут фудбал
- Ќе преговараме за подобрени комерцијални услови за емитување на натпреварите на нашите национални тимови како што е репрезентацијата до 21 година, женската А репрезентација, домашни лиги и куп натпреварувања

**Влијание**

- Ќе склучиме нов договор за емитување на нашата Прва лига за периодот К3 2023 до крајот на сезоната 2024/25
- Ќе склучиме нов договор за емитување на Купот на  Македонија за периодот 2023 до крајот на сезоната 2024/2025


UEFA SUPER CUP
RESPECT

# ПАРТИЦИПАЦИЈА



Во 2016 година, ФФМ постави амбициозна цел за зголемување на учеството во фудбалот за 13% до 2020 година. На наше задоволство, оваа цел се надмина. Поточно, постигнавме раст од 20% иако двигателите на ваквиот пораст на партиципацијата беа од различен карактер. Заедничкиот успех на нашите национални сениорски и младински тимови разгоре огромен национален интерес и страст за фудбалот, со што сè поголем број млади луѓе бараа можности за учество со желба да се огледаат на нивните национални херои. Побројните прилики за вклучување во фудбалот во рамките на училиштата и развојот на детските лиги обезбедија можности за ран развој за младите да се ангажираат и развиваат. Иако овие фактори се позитивни, постојат голем број клучни прашања што треба да се решат доколку сакаме да продолжи растот на партиципацијата и да се постигне одржливо вклучување во играта низ целата земја.

ФФМ треба да го преземе водството во борбата против откажувањето од игра кај младите по пат на прилагодување и развивање можности што одговараат на променливите потреби и аспирации на младите луѓе. Во суштина, треба да се пополнат јазовите во натпреварувањата, особено помеѓу детските и младинските лиги, бидејќи во моментов губењето интерес во развојот на младите не се спречува. Освен тоа, постојните тренери и судии треба да се поддржат во нивниот развој, и да им се овозможи да се прилагодат на променливите контексти, со што играчите што се откажуваат од игра, исто така, ќе се охрабрат да преминат во тренерскиот и судискиот систем. За да се обезбеди основа за одржлив раст, нашите клубови мора да се охрабруваат и поддржуваат со обезбедување поголеми можности за учество. Стимулирајќи раст на учеството, мора да исцртаме јасна и конзистентна патека за таленти која ќе му овозможи на секој поединец да напредува во согласност со талентот и неговите желби и аспирации.

Додека младинското учество ќе продолжи да биде наш примарен фокус, ФФМ ќе се стреми да го поддржи и растот на учеството на повозрасните преку воведување иновации.



## ЦЕЛ 2 - ЌЕ РАЗВИЕМЕ БЕСПРЕКОРНА ПАТЕКА НА МОЖНОСТИ, ОБЕЗБЕДУВАЈЌИ СЕКОЕ ДЕТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ШТО САКА ДА ИГРА ДА МОЖЕ ДА УЖИВА И ДА СТАНЕ ДЕЛ ОД ФУДБАЛОТ ДОЖИВОТНО

Ова ќе го постигнеме со реализација на следниве цели и активности:

**Цел**

- Да собереме и анализираме податоци за партиципација, по што ќе развиеме и започнеме 5-годишна стратегија за партиципација заснована на увид во релевантни податоци

**Активност**

- Ќе формираме експертска работна група со повеќе засегнати страни за да ги анализираме податоците и да го осмислиме нашиот иден пристап за раст и одржливост на партиципацијата
- Ќе развиеме и започнеме 5-годишна стратегија за партиципација на ФФМ

**Влијание**

- Ќе формираме експертска работна група до првиот квартал од 2022 година
- Ќе ја започнеме стратегијата за партиципација на ФФМ до третиот квартал од 2022 година

**Цел**

- Да ги разгледаме условите за партиципација и правилата што ги регулираат релевантните активности

**Активност**

- Ќе воведеме нови правила за да се забрза темпото на обезбедување во клубовите и да се оформат средини фокусирани на развој
- Ќе направиме физибилити студија (студија за остварливост) за да се идентификуваат придобивките од проширувањето на регистрацијата на ФФМ за да опфати рекреативна категорија

**Влијание**

- Ќе спроведеме нови правила за партиципација до третиот квартал од 2022 година
- Ќе ја комплетираме физибилити студијата до првиот квартал од 2023 година

***Цел***
- Да развиеме и започнеме нов курс за лидерство за родители и млади тренери за да се даде позитивен увид во тренирањето

***Активност***
- Ќе формираме експертска работна група за да се анализира тековниот и да се развие подобрен лидерски систем
- Ќе ги зголемиме можностите за лидерско образование за родителите и младите тренери

***Влијание***
- Ќе го стартуваме новиот систем за лидерство до вториот квартал 2022 година
- Ќе квалификуваме минимум 100 нови лидери годишно помеѓу 2022 и 2025 година
- Ќе добиеме увид во врска со влијанието на лидерството и ќе изготвиме годишен извештај за подобрување на идниот развој

***Цел***
- Да направиме истражување за откажувањето од игра кај децата и младите во врска со играњето и тренирањето и ќе развиеме насочени програми и поддршка за зајакнување на нивоата на идно задржување

***Активност***
- Ќе работиме во партнерство со УЕФА и клучните академици за да направиме сеопфатна банка на истражувачки податоци
- Ќе преку нашите технички и тренерски одделенија, ќе ги анализираме наодите од истражувањето и ќе осмислиме сродни програми и поддршка
- Ќе ги следиме и ќе известуваме за нивоата на задржување на играчите (младинци и деца) и тренерите на годишно ниво и соодветно ќе го приспособиме нашиот пристап

***Влијание***
- Ќе го завршиме иницијалниот истражувачки проект до вториот квартал од 2022 година
- Ќе развиеме и добиеме одобрение за нови програми и поддршка до третиот квартал од 2022 година
- Ќе ги инкорпорираме бројките за задржување на децата и младите во годишниот извештај од 2022 година па натаму

**Цел**

- Да го доразвиеме проектот за училиштен спорт на ФФМ, со тоа што ќе им обезбедиме на децата од основно и средно образование да имаат можност да уживаат и да се развиваат преку фудбалот

**Активност**

- Ќе направиме анализа на тековниот проект за училиштен спорт со идентификување области за идно подобрување
- Ќе развиеме и воведеме подобрен училиштен спортски систем и ќе побараме финансирање од УЕФА за поддршка на неговата имплементација
- Ќе го прошириме ангажманот на засегнатите страни во училиштата, клубовите, општините и владините органи, со цел развојот во училиштата да биде ефективен и непречен

**Влијание**

- Ќе го комплетираме прегледот на системот до вториот квартал од 2022 година
- Во партнерство со нашите засегнати страни, ќе лансираме поширок и подобрен училиштен спортски систем до почетокот на сезоната во 2023 година
- Ќе обезбедиме годишно зголемување од 10% во однос на учеството во училиштата помеѓу 2023 и 2025 година
- го инкорпорираме учеството во училишниот спорт во нашиот годишен извештај од 2023 година па натаму

**Цел**

- Да го зголемиме опфатот на програмата за детски лиги на ФФМ и ќе воведеме нови иновативни формати на јуниорски лиги за полесно премостување на јазот помеѓу детските и младинските лиги

**Активност**

- Ќе соработуваме со засегнатите страни и спонзори за да стимулираме иновации за детски и младински натпреварувања
- Во партнерство, ќе лансираме подобрена детска лига заедно со нови иновативни формати на натпреварување

**Влијание**

- Ќе презентираме нов(и) проект(и) за одобрување од УО до вториот квартал од 2022 година
- Ќе воведеме ново натпреварување за деца и млади до 2023 година

**Цел**

- Да обезбедиме структурирана програма за охрабрување и поддршка за нашите клубови за подобрување на обемот и квалитетот на можностите за партиципација

**Активност**

- Ќе спроведеме годишна програма за интерактивни состаноци со младинските фудбалски клубови низ целата земја за да се подобри квалитетот на стратегијата за привлекување нови играчи
- Ќе развиеме ресурси и програми за поддршка со цел споделување на најдобрите практики и подобрување на можностите
- Ќе соработуваме со локалните партнери за воведување заеднички иницијативи
- Ќе испорачаме годишна програма за фудбалски саеми во заедницата

**Влијание**

- Ќе одржуваме состаноци секоја година од третиот квартал од 2022 година
- Ќе развиеме и воведеме нови ресурси и програми за учество од третиот квартал од 2022 година
- Еден фудбалски саем по општински фудбалски сојуз до 2023, 2024, 2025 година
- Ќе го зголемиме учеството на детските/ младинските клубови за 10% на годишно ниво помеѓу 2022 и 2025 година

**Цел**

- Ќе го подобриме образованието и обуките за тренери и судии, со што ќе овозможиме поголема поддршка на развојот на децата и младите

**Активност**

- Преку нашите тренерски и технички одделенија, ќе го анализираме нашиот сегашен образовен систем за тренери во рекреативна категорија за да ги идентификуваме областите што може да се подобрат
- Ќе воведеме нови развојни модули во нашиот образовен систем за тренери за да се подобри тренингот во рекреативните категории
- Ќе го зголемиме бројот и зачестеноста на курсевите за едукација на тренери во рекреативна категорија, обезбедувајќи сите наши општински фудбалски сојузи да добиваат поквалитетна обука и поддршка
- спроведеме национална кампања за да ги поттикнеме и да им олесниме на младите луѓе да се вклучат во тренирање и судење

**Влијание**

- Ќе ги доставиме наодите од прегледот и препораките до УО за одобрување во четвртиот квартал од 2021 година
- Ќе започнеме подобрен образовен систем за тренери во рекреативна категорија до вториот квартал од 2022 година
- Ќе го зголемиме бројот на курсеви од 2022 година па натаму на годишно ниво
- Ќе започнеме национална кампања на ФФМ од првиот квартал од 2023 година

# НАТПРЕВАРУВАЊА



Ефективите натпреварувања полни со предизвици на развојната кариерна патека на нашите играчи се клучни за развојот на најталентираните играчи, како и за уживањето и постигнувањата на оние вклучени во непрофесионални фудбалски активности. Со цел ефективен развој на играта, ФФМ мора да развие поврзана и развојна структура на натпреварувања што го штити развојот на играчите, а истовремено го зголемува учеството и го намалува откажувањето од фудбалот меѓу играчите. Покрај овој фокус на играчите, нашата структура на натпреварувања мора да е привлечна и за гледачите и за комерцијалните партнери, за да се олеснат тековните инвестиции и да се подобрат во иднина. Од 2016 година, направивме огромен напредок, но во претстојниот стратешки период потребно е постојано да се фокусираме на неколку прашања. Со нашата работа ќе усвоиме холистички пристап за еднаква и балансирана поддршка за решавање прашања како што е патот до елитните натпревари за фудбалери под 21 година, подобрувањето на стандардите за квалитет во нашите лиги, елиминирањето празнини во можностите за игра и стимулирање значителни инвестиции и интерес од страна на медиумите за нашите елитни и меѓународни натпревари. Паралелно со ова, ќе се погрижиме да испорачаме резултати и преку другите стратешки столбови, особено инфраструктурата, бидејќи подобрените терени за игра имаат директно и позитивно влијание на натпреварувањата.

Преку нашиот столб за имиџ и вклученост, постојано ќе се трудиме да ја зголемиме комерцијалната и телевизиска привлечност на нашата структура на натпреварувања. За да го постигнеме ова, со вишокот приходи што ги генерираме преку нашите комерцијални и радиодифузни партнерства ќе започнеме програма за подобрување. Во суштина, ќе се обидеме значително да ги подобриме искуствата на навивачите во и надвор од стадионите, воедно и преку подобрени дигитални канали и содржини. За да станеме попривлечни за фановите, особено ќе се фокусираме на промоција и подигнување на нивото на женскиот фудбал.



## ЦЕЛ 3 - НАТПРЕВАРУВАЊАТА ЌЕ СТАНАТ КАТАЛИЗАТОР ЗА РАЗВОЈ, ОБЕЗБЕДУВАЈЌИ ПРЕДИЗВИКУВАЧКИ И РАЗВОЈНИ МОЖНОСТИ ЗА НАШИТЕ ИГРАЧИ, КАКО И ПРИВЛЕЧНИ И ИНСПИРАТИВНИ МОЖНОСТИ ЗА НАШИТЕ ГЛЕДАЧИ, МЕДИУМИТЕ И НАШИТЕ ПАРТНЕРИ

Ова ќе го постигнеме со реализација на следниве цели и активности:

**Цел**

- Да го ревидираме домашниот систем на натпреварувања на ФФМ од почетници до елитни нивоа, идентификувајќи ги областите на потребно дополнување и подобрување

**Активност**

- Ќе формираме експертска работна група за натпреварувања, составена од персонал на ФФМ, надворешни чинители и спонзори
- Преку работната група, ќе извршиме сеопфатен преглед на натпреварувањата, а наодите и препораките ќе ги доставиме до УО за одобрување
- Ќе развиеме и спроведеме нова стратегија за натпреварувања, вклучувајќи адаптација и подобрување на тековните натпреварувања и воведување иновации

**Влијание**

- Ќе формираме работна група за натпреварувања до првиот квартал од 2022 година
- Ќе ги доставиме наодите и препораките од прегледот на натпреварувањата со специфичен фокус за подобрување на Прва, Втора, Трета МФЛ, женските лиги, футсал, младински и детски лиги до УО до вториот квартал од 2022
- Ќе добиеме одобрение за стратегијата за натпреварувања до четвртиот квартал од 2022 година
- Ќе спроведеме нов систем на натпреварувања од почетокот на сезоната 2023/24

**Цел**

- Да ја подобриме структурата на лигите за да ги зголемиме и подобриме можностите за игра и развој за нашите играчи до 21 година

**Активност**

- Ќе спроведеме дополнителни промени во правилата за да се прошират можностите за игра за нашите играчи до 21 година во структурата на домашната лига

**Влијание**

- Ќе направиме измени во правилата за играчи до 21 година во структурата на нашата лига на почетокот на сезоната 2022/23

**Цел**

- Во согласност со стратегијата на натпреварувања, ќе развиеме нови и подобрени конкурентни можности за раст на учеството и зајакнување на поврзаноста помеѓу јуниорските и младинските натпревари

**Активност**

- Ќе воведеме аматерски тимски натпреварувања
- Ќе ја прошириме нашата програма на натпреварувања преку развој на футсал и иргање на мали голови со помалку играчи за да ја олесниме зголемената побарувачка за социјален рекреативен фудбал

**Влијание**

- Ќе лансираме нова аматерска лига до првиот квартал од 2023 година
- Ќе лансираме нови формати на футсал и играње на мали голови со помалку играчи до првиот квартал од 2023 година

**Цел**

- Да го демонстрираме подобрениот квалитет на игра за да инспирираме нови и значајни партнерски инвестиции во првата лига, вторите лиги и купот на ФФМ

**Активност**

- Ќе го прекомбинираме инвентарот за партнерства на ФФМ во врска со натпреварувањата во лигата и купот и ќе му пристапиме на пазарот со зголемена комерцијална можност

**Влијание**

- Ќе испорачаме нов пазарен пристап од 2023 година

**Цел**

- Да го подобриме севкупниот квалитет на нашите клубови и нивната способност за учество во и за поддршка на висококвалитетни натпреварувања
- Да го подобриме квалитетот на клубовите преку унапредување на системот за лиценцирање клубови

**Активност**

- Ќе го прегледаме и рафинираме системот за лиценцирање клубови на ФФМ, со цел тој да ги одразува најдобрите европски практики
- Ќе извршиме етапна имплементација на подобрен систем за лиценцирање клубови во сите области на домашните натпреварувања со цел да се вклучат:
  - Прва лига
  - Втора лига
  - Трета лига
- Ќе развиеме и спроведеме нов систем за лиценцирање клубови во рамките на нашата Прва женска лига
- Ќе развиеме и имплементираме нов систем за лиценцирање клубови во рамките на нашата структура за натпреварување во футсал
- Ќе обезбедиме едукација и поддршка за нашите клубови, со цел тие да ги добијат потребните вештини и искуства за ефикасно спроведување на барањата за лиценцирање клубови

**Влијание**

- Ќе го комплетираме усовршувањето на системот за клупско лиценцирање до првиот квартал од 2022 година
- Ќе воведеме систем на клупско лиценцирање во првата лига до сезоната 2022/23
- Ќе воведеме систем на клупско лиценцирање во втората лига до сезоната 2022/23
- Ќе воведеме систем на клупско лиценцирање во третата лига до сезоната 2024/25
- Ќе воведеме систем на клупско лиценцирање во првата женска лига до третиот квартал од 2022 година
- Ќе воведеме систем на клупско лиценцирање во футсал до сезоната 2022/23
- Ќе обезбедиме обука и едукација за клубовите од втора лига од К2 2022 година и за клубовите од трета лига од првиот квартал од 2023 година

**Цел**

- Да соработуваме со нашите клубови, засегнати страни и спонзори за да го подобриме сеопфатното искуство на навивачите на денот на натпреварот

**Активност**

- Ќе формираме експертска работна група и ќе ги искористиме најдобрите практики и студии на случаи од цела Европа за да ги дознаеме тековните искуства на денот на натпреварите и да идентификуваме начини за подобрување
- Ќе обезбедиме образование, обука и поддршка за нашите клубови, со што ќе им помогнеме да ги подобрат искуствата на навивачите

**Влијание**

- Ќе ја формираме нашата работна група до вториот квартал од 2022 година
- Ќе воведеме нова незаборавна поддршка на денот на натпреварите од почетокот на сезоната во 2023 година

# ЕЛИТЕН ФУДБАЛ




ФФМ

Од лансирањето на стратегијата за развој на таленти на ФФМ  и воспоставувањето придружна траса за таленти, нивото на перформанси ги надмина сите очекувања. Квалификациите на машката национална репрезентација за ЕП 2021 година, во комбинација со, многу побргу од очекуваната квалификација на репрезентацијата до 21 година на Европско првенство до 21 година во 2017 година, го ставија македонскиот фудбал во исклучително силна позиција. Покрај тоа што ја разгори националната гордост и страст, овој успех поттикна и бран на амбиции кај младите играчи. Тековниот развој и поддршка на нашите 8 елитни академии, во комбинација со промените на правилата за натпреварување што се фокусирани на овозможување повеќе талентирани играчи под 21 година да пристапат до елитниот клупски фудбал, придонесоа за овој огромен успех.
Иако може и треба да се идентификуваат слабостите во секој систем, овој стратешки период повеќе ќе се фокусира на градење и подобрување на она што веќе постои, наместо да се обидуваме да создадеме и воведеме нови начини на работа. Со овој пристап, ќе се обидеме да го прошириме обемот и опсегот на нашите активности за развој на елитен фудбал, ставајќи посебен акцент на поголем ангажман на клубовите, заедно со континуирано инвестирање во професионалните вештини на нашите елитни тренери. Како и кај другите стратешки столбови, активноста се потпира на холистички и поврзан пристап. На пример, нашите елитни играчи треба да играат конкурентни натпревари на одлични терени со фантастично ниво на поддршка за да постигне каква било форма на успех на меѓународната сцена. Дополнително, подобрувањето на профилот на нашите играчи ќе стимулира повеќе приходи за реинвестирање од комерцијалните и радиодифузни партнери, со што постојано ќе обезбедуваме зајакната поддршка за нашите најталентирани играчи.
Со реализирањето на оваа стратегија, ФФМ се обидува да биде препознаена како федерација од светска класа во својот пристап за препознавање таленти, развој на таленти и елитни резултати. Иако може да е потребно извесно време за нашите резултати на терен да ги засенат најголемите европски фудбалски нации, нашите амбиции, решителност и професионализам мора да ги надминат.



## ЦЕЛ 4 - ЌЕ ГО ЗАЈАКНЕМЕ И ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ ГО ВГРАДИМЕ НАШИОТ ПРИСТАП ЗА РАЗВОЈ НА ЕЛИТНИ ТАЛЕНТИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО СО ЦЕЛ ДА ОБЕЗБЕДИМЕ ОДРЖЛИВ МЕЃУНАРОДЕН УСПЕХ ШТО ЈА ИНСПИРИРА НАЦИЈАТА И ЈА ПРАВИ ГОРДА

Ова ќе го постигнеме со реализација на следниве цели и активности:

### Цел

- Да продолжиме да ги зајакнуваме сите наши репрезентации со вештини, искуства и самодоверба за постојано да се квалификуваат за најпрестижните меѓународни турнири

### Активност

- Ќе обезбедиме амбициозна програма за подготовки со цел квалификации за Светското првенство на ФИФА во Катар
- Ќе обезбедиме структурирана програма за развој на елитен фудбал за да обезбедиме минимум квалификации во рамките на УЕФА Европските првенства до 21 година во овој стратешки период
- Ќе спроведеме програми за идентификација и развој на таленти од светска класа за да обезбедиме нашите тимови до 19 и до 17 години постојано да се дел од елитните европски и светски натпреварувања

### Влијание

- Ќе се квалификуваме до четвртиот квартал од 2021
- Ќе достигнеме најмалку едни ЕУРО квалификации помеѓу 2022 и 2025 година
- Постојано ќе се квалификуваме во елитните нивоа на сите натпреварувања до 17 и до 19 години помеѓу 2022 и 2025 година

***Цел***

- Да направиме детална анализа на структурата на нашата елитна академија, и ќе испитаме како може да се подобри квалитетот на оваа структура

***Активност***

- Ќе го ангажираме нашиот технички оддел во однос на тековната програма за преглед и подобрување на структурата на нашата елитна академија
- Ќе ја подобриме тренерската мрежа во секоја академија, обезбедувајќи сите средини да имаат најмалку 4 професионални лиценцирани тренери

***Влијание***

- Ќе вршиме годишни прегледи во првиот квартал од секоја година и ќе ги презентираме наодите и препораките до УО за одобрување
- Ќе се подобруваме постојано од 2022 до 2025 година
- Ќе ја постигнеме оваа минимална аспирација до вториот квартал од 2023 година

***Цел***

- Да соработуваме со нашите клубови за да стимулираме поголеми внатрешни инвестиции во локалниот развој на таленти и да всадиме дисциплинирана и конзистентна култура за развој на таленти

***Активност***

- Преку нашиот технички оддел, ќе спроведеме истражување за да се идентификува обемот и квалитетот на препознавање и развој на таленти низ клубовите
- Ќе спроведеме програма за поддршка на сите клубови од Прва лига
- Ќе инвестираме во солидно образование и обука во рамките на нашите регионални и општински сојузи и клубови за да се обезбеди дека сите тренери ги поседуваат потребните вештини за подобрување таленти

***Влијание***

- Ќе го комплетираме проектот за истражување и анализа за препознавање и развој на таленти во клубовите до првиот квартал од 2022 година
- Ќе ја спроведеме програмата за поддршка на првата лига до почетокот на сезоната 2022/23
- Ќе започнеме програма за подобрена едукација на тренери до 2023 година, со што се гарантира дека сите прволигашки клубови ќе бидат обучени до 2025 година

***Цел***

- Да обезбедиме доследно и постепено подобрување во прогресот на нашите меѓународни турнири за жени и футсал

***Активност***

- Ќе обезбедиме програма за континуиран развој со цел да го подобриме светскиот ранг на нашата женска А репрезентација
- Ќе обезбедиме програма за континуиран развој за подобрување на светскиот ранг на нашата футсал репрезентација

***Влијание***

- Ќе се потрудиме нашиот женски тим да се најде на топ 100 рангирањето на ФИФА до 2025 година
- Ќе се потрудиме нашиот футсал тим да се најде на топ 30 рангирањето на ФИФА до 2025 година

***Цел***

- Да развиеме и спроведеме амбициозен систем за развој на футсал, со чија помош ќе ги ангажираме сите таленти во Македонија
- Да ги прошириме програмите за игра и едукација со цел да се увериме дека сите футсал играчи се развиваат во најдобри можни средини со соодветно квалификуван персонал

***Активност***

- Преку нашиот технички оддел, ќе осмислиме и спроведеме нов систем за развој на таленти во футсал
- Ќе ги подобруваме квалитетот и квантитетот на футсал тренерите кои работат во рамките на системот на континуирана основа, обезбедувајќи најмалку 1 курс заУЕФА Б за футсал.
- Ќе испорачаме национална образовна програма за да се олесни создавањето програми за младински футсал во нашата клупска структура

***Влијание***

- Ќе развиеме и спроведеме рафиниран систем на футсал од 2022 година
- Ќе обезбедиме минимум 1 курс за УЕФА Б лиценца за футсал годишно од 2022 до 2025 година
- Ќе организираме најмалку 1 национален семинар за футсал на годишно ниво од 2022 до 2025 година
- Ќе обезбедиме сите клубови од 1ва лига да имаат активен и развоен систем на футсал до 2023 година


A MAK
JA
JAKO
14
15
20

# ПРИХОДИ



Како непрофитна организација, ФФМ се етаблираше во робусна и финансиски стабилна организација. Со вредното финансиско управување и одличното партнерство со ФИФА и УЕФА обезбедивме значително и одржливо финансирање со што помогнавме да се обликува и развие фудбалот во Македонија. Со поддршка на ваквите истакнати и високо ценети извори на финансирање, ФФМ постигна позитивен првичен напредок во генерирањето комерцијални приходи, вклучително и со продажба на ТВ права, спонзорства и продажба на билети.

И покрај тоа што севкупните финансиски резултати се задоволителни, ФФМ признава дека мора постојано да го диверзификува профилот на приходи за успешно да го прошири своето влијание и да ја постигне амбицијата за обезбедување извонредни фудбалски можности и опкружување за сите Македонци. За да се постигне поширок профил на приходи, ФФМ ќе ја искористи работата и влијанието стимулирани со секој столб за јасно да ја демонстрира својата холистичка понуда и значајните придобивки што може да им ги донесе на потенцијалните партнери. Во последниве години, природата на комерцијалните партнерства значително се промени. Историски гледано, партнерите се фокусираа само на инвентарот поврзан со националниот тим и домашните натпреварувања на повисоко ниво. Иако овие елементи остануваат особено важни, неверојатниот глобален развој на женскиот фудбал и сѐ поголемата важност и значење на агендата за одржливост, поттикнаа креативност и широк спектар на партнерства.

Со имплементацијата на оваа стратегија, ФФМ сака да стане застапник на најдобрите европски практики. За да се постигне ова, ќе развиеме и промовираме разновидна понуда на комерцијални партнерства што јасно го потенцира секој елемент од нашата работа.



## ЦЕЛ 5 - ЌЕ ЈА НАПРАВИМЕ ФФМ ПРИВЛЕЧНА МОЖНОСТ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ И ВО ГЛОБАЛНОТО ФУДБАЛСКО СЕМЕЈСТВО И ВО НАЦИОНАЛНИОТ КОМЕРЦИЈАЛЕН ПЕЈЗАЖ

Ова ќе го постигнеме со реализација на следниве цели и активности:

**Цел**

- Да го модернизираме нашиот пристап кон раст на деловната активност и комерцијалните партнерства

**Активност**

- Ќе формираме друштво со ограничена одговорност за промовирање и управување со комерцијалните активности на ФФМ како што се продажбата на стоки и енергија произведена од системот на соларни панели
- Ќе ги подобриме нашите стратегии за продавање билети за да го поддржиме развојот на Национален стадион на ФФМ
- Ќе развиеме и лансираме нов и посеопфатен комерцијален инвентар и стратегија за партнерства
- Ќе обезбедиме и одржуваме конзистентен број и ниво на комерцијални партнерства, демонстрирајќи модерен пристап за создавање и активирање партнерства
- Ќе го прошириме нашиот комерцијален инвентар и ќе опфатиме женски фудбал, футсал, кариерен пат за развој таленти и детски програми
- Ќе развиеме и лансираме стратегија за зголемена вклученост и незаборавни искуства на ден на натпревар

**Влијание**

- Ќе основаме друштво со ограничена одговорност на ФФМ до првиот квартал од 2022 година
- Ќе назначиме официјален комерцијален партнер до крај на 2021 година
- Ќе го искористиме моментумот на европското првенство и ќе ги зголемиме приходите од брендирана стока за 100% во 2021 година, а потоа за 50% на годишно ниво
- Ќе го промениме начинот на продажба на билети со цел да ја максимизираме добивката од 50% права за централизација до 2022 година
- Ќе го завршиме редизајнот на нашиот комерцијален инвентар до првиот квартал од 2022 година
- Ќе склучиме договор со три комерцијални партнери на А репрезентацијата пред Европското првенство на УЕФА
- Ќе склучиме 4 долгорочни и обновливи спонзорски договори за периодот 2021 – 2023 со цел да се генерираат околу 600.000 евра годишно
- Ќе потпишеме нов долгорочен (идеално 4-годишен) договор со технички партнер со подобрени можности за продажба и спонзорирање со цел да се генерираат 300.000 евра годишно
- Стратегија изготвена до вториот вартал од 2022 година за враќање на гледачите, вклучувајќи концесии и незаборавно искуство на ден на натпревар за публиката

**Цел**

- Да продолжиме да ги усовршуваме сите аспекти на финансиско управување за да испорачаме најдобри вредности преку ефикасно планирање и испорака. Со овој пристап, ќе овозможиме идни инвестиции за развој на фудбалот

**Активност**

- Ќе воведеме оддел за набавки како суштинска врска за поголема ефикасност и намалување на трошоците
- Ќе го искористиме процесот на набавки за да обезбедиме одржливи инвестиции во нашите стратешки цели со усогласување на партнерите и клучните области од нашата работа

**Влијание**

- Ќе воспоставиме оддел за набавки на ФФМ до првиот квартал од 2022 година
- Ќе се обидеме да ги вградиме комерцијалните партнерства во рамките на системот за набавки од 2022 година и понатаму

**Цел**

- Да ги преструктуираме и повторно ќе преговараме за ТВ правата со кои располага ФФМ, да инкорпорираме современи пристапи за создавање вредности

**Активност**

- Ќе оствариме приходи од правата на податоци и ќе ги структурираме преостанатите ТВ права со цел да ги зголемиме приходите

**Влијание**

- Ќе оствариме приход од најмалку 200.000 евра по сезона од правата за пренос на Првата македонска лига за периодот 2021 – 2025 год.
- Ќе оствариме приход од најмалку 90.000 евра по квалификациски циклус за репрезентација до 21 во пакет со Купот на Македонија
- Ќе оствариме приход од најмалку 20.000 евра по сезона од правата на податоци за Првата македонска лига

***Цел***

- Да ги подобриме соработката и партнерствата со клучните чинители како што се општините и регионалните здруженија за да се стимулираат тековните инвестиции во фудбалската инфраструктура и можности

***Активност***

- Ќе ги презентираме нашата стратегија и резултатите од нашето истражување УЕФА истражувањето за социјален поврат на инвестиции на клучните локални чинители и партнери за да ја покажеме социјалната и економска вредност за нивните локалитети
- Ќе го искористиме овој увид за да генерираме дополнителни инвестиции во инфраструктурата и можностите за развој

***Влијание***

- Ќе оствариме 6 месечни состаноци со клучните засегнати страни и општините за ажурирање на напредокот и влијанието започнувајќи од 2022 година

***Цел***

- Да ги истражиме можностите за финансирање обезбедени преку агенциите за финансирање европски грантови и кон истите ќе целиме кога може да се обезбеди значителна вредност

***Активност***

- Ќе ги следиме повиците на ЕУ за проекти поврзани со капитално и приходно финансирање за кои имаат право да аплицираат организациите од Македонија

***Влијание***

- Ќе поднесуваме навремени апликации за капитални и приходни проекти што се стратешки релевантни и каде што ФФМ има право да аплицира


комерцијална банка
ад скопје
ЕКИПА
ЗА НОВИ
ПОБЕДИ
ФФМ
EXIT
DoubleTree by Hilton
омерцијална банка
ад скопје
ЕКИПА
ЗА НОВИ
ПОБЕДИ
ФФМ

# ИНФРАСТРУКТУРА



Од 2016 година, постигнат е особен напредок во однос на развојот на фудбалската инфраструктура во Македонија. Значајните инвестиции на ФФМ и партнерите ја олеснија изградбата на 300 терени за тренирање и натпреварување согласно националните стандарди, како и низа проекти за осветлување со рефлектори и голем број инфраструктурно подобрени стадиони. Во суштина, речиси секое село во земјата има пристап до терен со природна трева. Но, и покрај овој напредок, и понатаму има значителни инфраструктурни проблеми. На елитно ниво, националниот тим нема доволно пристап до терени со меѓународни стандарди, особено за тренинзи. Поради недостаток на клупски инвестиции во капитални проекти, многу наши прволигашки клубови ги користат истите терени за тренинзи и натпревари, при што се создаваат нереални барања од терените за игра што на крај води до намалување на стандардот на игра во текот на сезоната. Исто така, голем број прволигашки клубови немаат пристап до објекти со рефлектори. Недостигот на терени со вештачка трева, исто така, ја оптоварува достапната инфраструктура. Иако изградбата на дополнителни објекти останува клучна за идниот успех, ова е помалку императивно од одржувањето на тековните терени. Во рамките на постојната инфраструктура, недостатокот на инвестиции и квалификувана експертиза за одржување на терените останува најголем предизвик. Ако ова не се реши, постојната и новата инфраструктура може брзо да се распаднат, што би имало негативно влијание врз нивоата на партиципација, развојот на таленти и резултатите на елитните репрезентации.

Со имплементацијата на оваа стратегија, ФФМ сака да воспостави и да го подобри одржувањето на националните фудбалски капацитети, и притоа да се увери дека тие се отворени за сите, како и безбедни и погодни за зацврстување на можностите за развој. Напредокот постигнат во оваа област ќе додаде значителна вредност на останатите стратешки столбови.



## ЦЕЛ 6 - ЌЕ ГО ОЛЕСНИМЕ РАЗВОЈОТ И ОДРЖУВАЊЕТО НА ФУДБАЛСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ШТО ЌЕ ИМ СЛУЖИ НА СИТЕ НАШИ СЕГАШНИ И ИДНИ ИГРАЧИ

Ова ќе го постигнеме со реализација на следниве цели и активности:

### Цел

- Да обезбедиме сите клубови да ги имаат релевантните вештини и искуства за одржување преку адаптирање на нашата програма за лиценцирање на клубови и обезбедување подобрени квалификации за лицата кои ги одржуваат терените

### Активност

- Ќе ги разгледаме и дообработиме критериумите за лиценцирање клубови на ФФМ и ќе направиме да биде задолжително сите клубови од прва лига да вработат минимум едно квалификувано лице за одржување на теренот
- Ќе ги поддржиме и следиме клубовите во нивните намери да склучат хонорарни договори за одржување доколку ова е претпочитана опција за исполнување на критериумите за лиценцирање
- Ќе развиеме и воведеме подобрен курс за одржување терени
- Ќе обезбедиме програма за обука по фази за одржување терени низ нашата клупска мрежа

### Влијание

- Ќе воведеме нови критериуми за лиценцирање клубови (ќе бараме од клубовите од прва лига да вработат минимум едно квалификувано лице за одржување на теренот) од првиот квартал на 2023 година
- Ќе обезбедиме поддршка и насоки од првиот квартал од 2023 година
- Ќе стартуваме подобрен курс до првиот квартал од 2022 година
- Ќе обезбедиме обука во фази како што следува:
  - o Клубови од прва лига во 2022 година
  - o Клубови од втора лига во 2023 година
  - o Клубови од трета лига во 2024 година

**Цел**

- Да изградиме култура на извонредност во управувањето со објектите преку развивање вештини и искуства на високо ниво во однос на поставувањето терени и нивното одржување

**Активност**

- Ќе соработуваме со клубовите и општините за да се стимулираат инвестициите во развојот и одржувањето на локалните тревни терени и сродните развојни објекти
- Ќе осмислиме и овозможиме висококвалитетна обука за одржување објекти за клубовите и засегнатите страни со првичен фокус на поддршка на нашите клубови од Прва лига
- Ќе настојуваме да им овозможиме на нашите клубови од Прва лига пристап до висококвалитетна машинерија за одржување на терените обезбедени преку програмите за финансирање на УЕФА и ФИФА
- Ќе соработуваме со нашите клубови од Прва лига со цел да развијат капацитети за обука и да се намали прекумерната употреба и оптоварување на терените на стадионите

**Влијание**

- Ќе организираме годишни состаноци со локални чинители помеѓу 2022 и 2025 година
- Ќе обезбедиме обука за одржување на капацитетите за сите клубови. Обуката за Прва лига започнува од вториот квартал од 2022 година
- Ќе обезбедиме и ставиме на располагање инвентар на машини од третиот квартал од 2022 година
- Годишни состаноци со сите засегнати страни во периодот 2022 - 2025 година
- Обезбедување терени за тренинг за сите клубови од првата лига до 2025 година

**Цел**

- Да го унапредиме тренинг центарот на ФФМ со цел да вклучиме помошни услуги како што се медицински центар, објект за спортски науки и фитнес сала

**Активност**

- Ќе испорачаме етапна програма за доразвивање на тренинг центарот на ФФМ
- Ќе го надградиме системот на рефлектори на сите терени

**Влијание**

- Ќе започнеме програма за доразвивање од вториот квартал од 2022 година
- Ќе започнеме со надградба на рефлектори од првиот квартал на 2023 година

**Цел**

- Да спроведеме програма за надградба на објекти за сите вештачки терени – да создадеме прилагодени и помали терени за игра на мали голови со помал број на учесници со цел подобрување на активностите за партиципација

**Активност**

- Ќе направиме анализа на моменталната инфраструктура со цел да ги идентификуваме квалитетот, искористеноста и пристапот
- Ќе развиеме техничко партнерство со специјалист изведувач
- Ќе испорачаме програма за надградба и реконфигурација во фази
- Ќе ги подобриме квалитетот и квантитетот на вештачките терени преку програма за насочени капитални инвестиции

**Влијание**

- Ќе извршиме севкупно истражување и анализа до првиот квартал од 2022 година
- Ќе ангажираме изведувач до вториот квартал од 2022 година
- Ќе започнеме програма за надградба од третиот квартал од 2022 година
- Ќе обезбедиме 5 нови терени (систем со вештачка трева без гумено полнење) што ќе се поставaт до 2024 година

**Цел**

- Да направиме значително подобрување на квалитетот на стадионите за националните тимови, со што ќе обезбедиме Македонија да стане претставник на најдобрите европски практики

**Активност**

- Ќе аплицираме за финансирање преку УЕФА Хет-трик и ФИФА Форвард 3 за поддршка на нашата програма за развој на стадиони
- Во зависност од финансирањето, ќе направиме нов стадион за нашата репрезентација (капацитет од 10.000 места) веднаш до седиштето на ФФМ
- Во зависност од финансирањето и комплетирањето физибилити студија, ќе направиме стадион на меѓународно ниво (капацитет од 8.000 до 10.000 места) во регион надвор од Скопје

**Влијание**

- Ќе аплицираме за поддршка за финансирање во 2022/2023 година
- Ќе иницираме развој на национален стадион во 2022 година
- Ќе иницираме развој на меѓународен стадион во 2023 година

**Цел**

- Да создадеме комерцијална култура во рамките на нашите стадиони и објекти, осигурувајќи дека тие се комерцијално одржливи и нудат посебни искуства на навивачите

**Активност**

- Ќе го анализираме пазарот на стадиони за да ги идентификуваме најдобрите комерцијални практики во однос на управувањето со стадиони
- Ќе работиме со УЕФА и ФИФА за да развиеме банка на ресурси за комерцијална поддршка на сопствениците на нашите стадиони и објекти
- Ќе обезбедиме семинари за обука и состаноци еден-на-еден за развој на комерцијални планови

**Влијание**

- Ќе ја комплетираме програмата за истражување до четврти квартал од 2023
- Ќе развиеме банка на ресурси до вториот квартал од 2024
- Ќе спроведеме семинари за обука до третиот квартал од 2024

**Цел**

- Да ги поддржиме клубовите и општините за прогресивно подобрување на капацитетите за играње и менување на објектите за да се задоволат потребите на женските играчи

**Активност**

- Ќе овозможиме работилници со општините и клубовите во координација со општинските фудбалски сојузи за објаснување и справување со предизвиците во врска со женската фудбалска инфраструктура
- Ќе работиме со нашите женски и машки клубови за градење кариерна патека за нашите најталентирани женски играчи, тренери и судии

**Влијание**

- Ќе испорачаме минимум 15 работилници во периодот меѓу 2022 – 2025 година
- Ќе настоиме да поттикнеме и да поддржиме минимум 15 проекти за подобрување
- Ќе поттикнеме минимум 5 клубови годишно во периодот на стратегијата да развијат акционен план за женскиот фудбал

# ДОБРО РАКОВОДЕЊЕ



Иако мнозинството честопати не го гледа доброто раководење, овој сегмент претставува катализатор и енергија за позитивна стратешка реализација. Како и сите национални фудбалски федерации, оперативниот контекст на ФФМ е сложен со повеќе слоеви на дијалог и одлучување. Каскадно надолу започнувајќи од избраниот Управен одбор, ФФМ работи преку комисии за одредени теми и секретаријатот со цел да ги креира и развие стратешките насоки и интервенции потребни за реализација на амбициозните цели во секој од стратешките столбови.

Дополнително усложнување се создава со внатрешната амбиција да се биде во првите редови на демонстрирањето позитивно општествено влијание преку фудбалот. Од надворешна перспектива, ФФМ работи со различни организации на засегнати страни, секоја со свои индивидуални контексти и предизвици, и затоа се јавува потреба ФФМ да биде ефикасна во развојот и негувањето на партнерствата. И покрај тоа што е постигнат голем напредок во областа на доброто раководење, ФФМ постојано ќе се труди да го подобри начинот на кој работи.

Со спроведувањето на нашата стратегија, сакаме Федерацијата да ги одразува најдобрите практики во Европа. Сакаме нашите клубови, членки, засегнати страни и спонзори да ни веруваат и да го почитуваат начинот на кој работиме. Исто така, сакаме нашето фудбалско семејство да нè гледа како лесно достапни и целосно транспарентни во нашите одлуки. На крај, но подеднакво важно, сакаме вработените во ФФМ да уживаат неверојатно позитивна средина и култура за работа. Според тоа, целосно сме посветени да останеме посветени на нашите вредности во сè што правиме.



## ЦЕЛ 7 - ПОСТОЈАНО ЌЕ ДЕМОНСТРИРАМЕ НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ НА РАКОВОДЕЊЕ И ЌЕ ЈА КОРИСТИМЕ МОЌТА НА ФУДБАЛОТ ЗА ДА ИСПОРАЧАМЕ МЕРЛИВО ОПШТЕСТВЕНО ВЛИЈАНИЕ

Ова ќе го постигнеме со реализација на следниве цели и активности:

**Цел**

- Да ги вградиме најдобрите практики и системи за управување во секој аспект од нашата Федерација, со што ќе обезбедиме дека сите наши одбори, комисии и вработени работат во тимови со високи перформанси

**Активност**

- Ќе ја искористиме нашата стратегија за да придонесеме за ефективно зајакнување и одговорност низ нашата организација
- Ќе обезбедиме раководител за човечки ресурси со полно работно време во рамките на ФФМ
- Ќе развиеме организациски прирачник кој јасно ги утврдува политиките, процедурите и начините на работа
- Ќе ги подобриме безбедноста и ефикасноста преку дигитализација на евиденцијата и резултатите на вработените
- Ќе утврдиме јасни задачи и одговорности во спецификациите на работните места и годишните работни програми
- Ќе развиеме и спроведеме систем за управување со резултати низ нашата организација (процена и повратни информации)
- Ќе ги земеме предвид нашите организациски вредности во секој аспект од нашата работа и постојано ќе се проверуваме и предизвикуваме во однос на нашите вредности.

**Влијание**

- Ќе назначиме посветено лице на позицијата за човечки ресурси до првиот квартал од 2022 година
- Ќе развиеме и воведеме нов организациски прирачник до вториот квартал од 2022 година
- Ќе испорачаме нов дигитален систем за човечки ресурси до вториот квартал од 2022 година
- Ќе воведеме работни програми за вработените до вториот квартал од 2022 година
- Ќе спроведеме прва процена на вработените до третиот квартал од 2022 година
- Ќе ги вклучиме вредностите на ФФМ во секој аспект од нашата работа од првиот квартал од 2022 година

**Цел**

- Да го модернизираме управувањето со нашата организација преку реформирање на Статутот со цел да ги одрази најдобрите европски практики
- Да го ревидираме Статутот и ќе ги спроведеме сите измени во законската регулатива на ФФМ

**Активност**

- Ќе соработуваме со УЕФА, ФИФА и нашите колеги за редовно проверување на практиките на добро раководење и законодавството, уверувајќи се дека нашите размислувања и постапки се современи
- Ќе го разгледаме и усовршиме Статутот на ФФМ во партнерство со ФИФА и УЕФА
- Ќе побараме одобрение за нашата ревизија на Статутот
- Ќе го искористиме спроведувањето на нашиот статутарен процес за создавање рамнотежа помеѓу изборната застапеност и таа заснована на компетентност во структурата на нашите комисии
- Ќе ги зголемиме професионалноста, интегритетот и ефективноста на нашите комисии преку обезбедување обуки за добро раководење
- Ќе соработуваме со УЕФА преку програмата Хет-трик за да ги идентификуваме областите на идна поддршка за добро раководење

**Влијание**

- Ќе направиме годишен преглед на доброто раководење од 2021 година
- Ќе ја комплетираме ревизијата на нашиот Статут до вториот квартал од 2022 година
- Ќе ја доставиме за одобрение реформата на статутот до собранието на ФФМ 2022/2023
- Ќе направиме преуредување на структурите на нашите комисии во текот на четвртиот квартал од 2022 година
- Ќе започнеме со програма за обука за добро раководење на комисиите од четвртиот квартал од 2022 година
- Ќе соработуваме со УЕФА Хет-трик за да се идентификуваат потенцијалните области на поддршка

**Цел**

- Да ги зајакнеме нашите комисии преку подобрена обука и поддршка за комуникација

**Активност**

- Ќе развиеме нова шема на делегирање во сите наши комисии, обезбедувајќи јасност на задачите и одговорностите

**Влијание**

- Ќе воведеме нова шема на делегирање до вториот квартал од 2022 година

**Цел**
- Да го зголемиме влијанието на нашето стратешко планирање преку ефективно спроведување, следење и евалуација

**Активност**
- Ќе развиеме детален годишен план за имплементација, кој ќе биде јасно искомунициран и ќе стане дел од нашата организација
- Ќе набавиме софтвер за управување со дигитални проекти, со што ќе се овозможи следење на напредокот и оценување на секој аспект од имплементацијата
- Ќе обезбедиме обуки и поддршка за нашите вработени, со цел да се увериме дека ги имаат потребните вештини, искуство и доверба за ефективно да ја имплементираат стратегијата на ФФМ
- Ќе изготвуваме квартални извештаи за спроведување, следење на постигнувањата и влијанието во однос на утврдените цели
- Ќе развиеме и промовираме годишен извештај за влијанието на ФФМ.

**Влијание**
- Ќе воспоставиме детален план за имплементација до првиот квартал од секоја година помеѓу 2022 и 2025 година
- Ќе воведеме дигитален софтвер во нашата програма за имплементација до првиот квартал од 2022 година
- Ќе спроведуваме ревизија на вештини секоја година и ќе обезбедиме континуирани обуки врз основа на потребите
- Ќе ги презентираме кварталните извештаи до УО од првиот квартал од 2022 година
- Ќе изготвиме и промовираме годишни извештаи за влијанието од првиот квартал од 2023 година

**Цел**
- Да ја инкорпорираме одржливоста и заложбите за Организациона Општествена Одговорност во секој аспект од нашата работа, уверувајќи се дека сите активности и чекори се инклузивни, безбедни и имаат социјални, економски и еколошки придобивки за нашето општество

**Активност**
- Ќе развиеме и лансираме стратегија за одржливост и за Организациона Општествена Одговорност на ФФМ
- Ќе ги земеме предвид идеите и чекорите за одржливост и Организациона Општествена Одговорност во нашите програми и активности
- Ќе изготвиме и промовираме годишен извештај за влијанието на одржливоста и Организациона Општествена Одговорност

**Влијание**
- Ќе го започнеме 5-годишниот план за одржливост и Организациона Општествена Одговорност на ФФМ до првиот квартал од 2022 година
- Ќе ги вградиме одржливоста и планирањето за Организациона Општествена Одговорност во програмите и активностите на ФФМ до 2023 година
- Да презентираме годишен извештај за влијанието и одржливоста на Организационата Општествена Одговорност на нашето Генерално собрание од 2023 година

**Цел**

- Да всадиме култура на одлично финансиско управување во нашата организација, кое ќе осигура дека сме одржливи и дека нашите ресурси даваат најдобар можен поврат на инвестициите
- Да се осигураме дека ФФМ има најдобри можни процеси за финансиско управување преку подобрен финансиски менаџмент

**Активност**

- Ќе развиеме и воведеме нов систем за набавки со чија помош сите инвестиции ќе претставуваат вредност за парите
- Ќе назначиме виш сметководител во рамките на ФФМ
- Ќе воведеме програма за обука за финансиски менаџмент и за финансиското раководство и за генералниот персонал на ФФМ
- Ќе обезбедиме подобрени дигитални решенија за финансиско управување
- Ќе го подобриме финансиското известување со развој на месечни извештаи до раководството и детален квартален финансиски извештај до УО.

**Влијание**

- Ќе испорачаме нов систем за набавки до првиот квартал од 2022 година
- Ќе назначиме нов финансиски персонал од првиот квартал од 2022 година
- Ќе спроведеме етапна програма за обуки
  - Финансиски персонал – прв квартал од 2022 година
  - Генерален секретаријат на ФФМ за спроведување на финансиските параметри – трет квартал од 2022 година
  - Одбори и комисии – прв квартал од 2023 година
- Ќе воведеме нов софтвер за финансиско управување до вториот квартал од 2022 година
- Тековен процес

**Цел**

- Да испорачаме програма за дигитална модернизација ширум нашето фудбалско семејство со цел да се намали дуплирањето, да се елиминира неефикасноста, да се подобри безбедноста и да се подобри добиениот увид

**Активност**

- Ќе направиме сеопфатен преглед на дигиталните системи низ целото фудбалско семејство на ФФМ
- Ќе создадеме стратегија за дигитална трансформација за усогласување на системите со помош на пристап во фази
- Ќе обезбедиме обука за персоналот за да се стекне со неопходните дигитални вештини за да се зголемат придобивките од новиот пристап
- Ќе ја имплементираме нашата програма за дигитална трансформација во фудбалот во целост

**Влијание**

- Ќе извршиме севкупен преглед на дигиталната трансформација до третиот квартал од 2022 година
- Ќе развиеме и лансираме стратегија за дигитална трансформација на ФФМ до четвртиот квартал од 2022 година –имплементација во фази како што следува:
- Ќе извршиме дигитална обука во фази како што следува:
    - Сите вработени да се обучени до крајот на 2022 година
    - Општински фудбалски сојузи до вториот квартал од 2023 година
    - Клубови до четвртиот квартал од 2022 година
- Ќе постигнеме целосна дигитална трансформација и усогласување до 2025 година

**Цел**

- Да ги анализираме резултатите од управувањето на ФФМ во однос на управувачките рамки на УЕФА и ФИФА и националните партнерски асоцијации за да поставиме одредници и да добиеме нови идеи и области за постојано подобрување

**Активност**

- Ќе соработуваме со УЕФА и ФИФА за да ги оцениме нашите резултати во однос на доброто управување и да поставиме одредници

**Влијание**

- Ќе изготвуваме годишен извештај со одредници од четвртиот квартал од 2022 година

**Цел**

- Да воспоставиме врзвна програма за заштита во сите аспекти на испорачување резултати

**Активност**

- Ќе создадеме врвна сеопфатна политика за заштита на децата и поврзаните процедури
- Ќе создадеме политика за благосостојба и заштита на целиот спорт и поврзани процедури
- Ќе обезбедиме постојана обука за заштита и поддршка за сите наши вработени, клубови и засегнати страни
- Ќе обезбедиме врвна заштита во сите аспекти на нашиот спорт во целост

**Влијание**

- Ќе добиеме одобрение за нова политика за заштита на децата до третиот квартал од 2021 година
- Ќе добиеме одобрение за нова политика за благосостојба и заштита на фудбалот до четвртиот квартал од 2022 година
- Ќе извршиме обука за заштита во фудбалот во фази
    - o Вработени во ФФМ – втор квартал од 2022 година
    - o Општински фудбалски сојузи - трет квартал од 2022 година.
    - o Клубови - четврт квартал од 2022 година.
- Ќе воведеме целосна врвна заштита во рамките на фудбалот до 2023 година

**Цел**

- Да воспоставиме и поддржуваме транспарентни и влијателни партнерства со нашите клучни чинители за да се создаде видливо и препознаено фудбалско движење

**Активност**

- Ќе се трудиме да ја градиме нашата фудбалска заедница и сродните партнерства со активно поддржување на нашите партнери и учење и развивање по пат на соработка

**Влијание**

- Тековен процес од првиот квартал од 2022 година

# НАШИТЕ ПАРТНЕРИ



Во текот на процесот на развивање нов пат напред за ФФМ, горди сме на фантастичниот ангажман и придонесот што го добивме од сите наши пријатели од фудбалското семејство со цел обликување на идните планови. Како дел од нашите стратешки разговори, поддржани од УЕФА Гроу, ни беше чест да ги пречекаме играчите, тренерите, судиите, навивачите, претставниците на клубовите и потенцијалните партнери и да го подобриме нашиот начин на размислување со цел отворање на најдобриот можен пат за уште поголем успех како фудбалска нација. Ангажирањето на овие клучни засегнати страни во нашите стратешки разговори не само што помогна во заедничко креирање на најсоодветните цели и активности за следните пет години, туку ја покажа и нашата посветеност да бидеме транспарентни како организација и нашата отвореност за поголема соработка во иднина.

Согласно амбициите од оваа стратегија, знаеме дека не можеме сами да ги постигнеме сите аспирации. Нашиот успех ќе зависи од степенот до кој ќе ги надградиме сегашните нивоа на соработка и ентузијазам со сите наши партнери, така што со нетрпение очекуваме да појдеме од утврдените темели и да успееме во нашата заедничка цел да му помогнеме на македонскиот фудбал да го достигне својот максимален потенцијал.






ФФМ

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ГЕНЕРАЛНА СТРАТЕГИЈА 2021-2025

## ОБЕДИНЕТИ ОД ФУДБАЛОТ